# THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)
## Краткорочно планирање
### Оперативен план за час: 10

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 (Unit 2): A HARD LIFE**
Страници од учебникот: 20 – 21

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, грозд-техника, дискусија, елицитација.

**Вештини:** Читање, говорење, слушање.

***Цели на часот:*** Обработка и лингвистичка анализа на подолг текст. Фокусот е на флуентноста на јазичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да го разберат, односно во даден контекст да го препознаат значењето на непознати лексички единици поврзани со наративи (раскажување на случки), воглавно глаголи.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците самостојно да комуницираат за случки од минатото преку употреба на наративни глаголи и минати глаголски времиња.
**В) Културолошки:** Да се запознаат учениците со една случка од историски размери за Англија (Големиот пожар во Лондон, 17 век), односно да развијат свест за значењето и влијанието на историјата врз сегашноста.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да ја следат, препознаат и разберат главната мисла, но и да идентификуваат конкретни информации во подолг текст.

**Методи:**

1. Демонстративен
2. **Комуникативен**
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. **Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. **Аудио-лингвален**
11. **Истражувачки-откривачки**
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
2. **Индивидуална**
3. **Групна**
4. Работа во парови

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. **ЦД**
6. Компјутер
7. **Креда/маркер**
8. **Интерактивна табла**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 10

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Им ги враќа на учениците прегледани писмените задачи од претходниот час, нагласувајќи одредени чести грешки кои се појавуваа во нив.<br>• Црта 4 круга и во секој круг пишува посебен век: *21st century, 20th century, 19th century, 18th century* – објаснува кога почнува/завршува секој век.<br>• Ги дели учениците во групи со по 3-4 и им дава еден век со упатства да наведат најмалку 2 историски случки од тој век во Македонија или светот – ги запишува во соодветниот круг.<br>• Ги поттикнува да го дискутираат насловот на новата тематска единица преку бура на идеи.*<br>• Ги поттикнува да ги споредат сликите на стр. 20 (може и на интерактивна табла) – водејќи ја дискусијата кон причините за ропството (веж. 1).** | • Работат во групи и дискутираат за историски случки.<br>• Индивидуално даваат свои објаснувања за насловот и ги споредуваат сликите. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 20-25 МИН.** | • Насочување на работата кон текстот на стр. 21: им кажува дека ќе читаат статија за Луѓето кои се бореа против ропството на свој начин и кои направија разлика, но прво учениците да постават 2-3 прашања за што би сакале да дознаат (ги пишува на табла).<br>• Им дава упатства да ги прочитаат прво изјавите од веж. 3 (стр. 20), па статијата, и потоа да ги одговорат на кого се однесува. Време: 4-5 мин.<br>• Дискутираат за одговорите.<br>• Дава упатства: да ги подвлечат сите наративни глаголи.<br>• Им кажува уште историски информации на учениците за робовладетелството во поновата историја.<br>• Појаснува како да го следат текот на една идеја во текст, па дава упатства за веж. 4 (стр. 21).<br>• Им кажува да ги резимираат случувањата кај двата ликови. | • Ја читаат статијата (не на глас) без да застанат и да прашаат за непознати зборови, трудејќи се да ја разберат суштината.<br>• Прават усна проверка на одговорите со изнаоѓање на одговорот на точното место во статијата (*skimming/scanning*).<br>• Ја слушаат статијата како аудио материјал.<br>• Ги објаснуваат значењата на наративните глаголи.<br>• Во групи, со затворени учебници ги резимираат случувањата . |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Дава упатства за вежбата 5 говорење (стр. 21). Време: 2 мин.<br>• Ги поттикнува на групна дискусија за прашањата.<br>• Не ги поправа грешките на учениците во однос на минатите глаголски времиња освен ако претставуваат пречка при разбирлива комуникација. | • Работат во групи и дискутираат за прашањата.<br>• Внимаваат на употребата на минатите глаголски времиња. |

*** Предлог интернет страница (и за наредни часови):** https://visuwords.com

**** Предлог изрази *(prompts)*:** *Both pictures show ... in the first picture ... whereas in the second picture ...*

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 11**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 (Unit 2): A HARD LIFE**
Страници од учебникот: 22, 122 – 123

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Ментална мапа, хоризонтална временска скала, елицитација.

**Вештини:** Говорење.

***Цели на часот:*** Обработка на граматички структури, т.е. глаголски времиња (споредба на 4 минати времиња, поточно нивната употреба): *past simple, past perfect, past continuous, past perfect continuous*. Фокусот е на точноста на реченичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ги разберат, правилно да ги формираат и препознаат четирите минати глаголски времиња, како и да продуцираат граматички точни реченици (усно и писмено).
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците при раскажување (нарација) да ги употребат и адаптираат правилните минати времиња.
**В) Културолошки:** Да развијат учениците свест за разликите во видовите на минати времиња (англиски наспроти мајчин јазик), кое подразбира и одредени разлики и во начинот на размислувањето кон категоријата време.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците правилно да ги формираат, препознаат, разликуваат, разберат и применат минатите глаголски времиња.

**Методи:**

1. **Демонстративен**
2. Комуникативен
3. Метод на игра
4. **Кооперативен**
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. **Монолошки (усно излагање)**
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
11. **Истражувачки-откривачки**
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. Интерактивен

**Форми:**

1. **Фронтална**
2. **Индивидуална**
3. Групна
4. **Работа во парови**

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
6. **Компјутер (ИКТ)**
7. **Креда/маркер**
8. Интерактивна табла

Часот може да се изведе со примена на **ИКТ** – предлог интернет страници:
https://learnenglish.britishcouncil.org/en/english-grammar/verbs/past-tense/past-simple
https://learnenglish.britishcouncil.org/en/english-grammar/verbs/irregular-verbs
https://www.turtlediary.com/game/irregular-and-regular-verbs.html
https://www.turtlediary.com/quiz/identifying-the-irregular-verb.html
https://learnenglish.britishcouncil.org/en/english-grammar/verbs/past-tense/past-continuous
https://learnenglish.britishcouncil.org/en/english-grammar/verbs/past-tense/past-perfect

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 11*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Дава упатства за веж. 1 (стр. 22, граматика) – проверува одговори.<br>• Пишува дополнителни реченици на табла и поставува прашања со кои ги појаснува употребите на времињата.**<br>• Преку структурираните прашања го поврзува знаењето кое учениците веќе го поседуваат општо за глаголски времиња и поточно за минатите времиња.<br>• Ги објаснува кратките правила кои следат (*Rule*). | • Ги следат упатствата за вежбите и ги пополнуваат правилата (*Rule*). |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Дава подетално објаснување за формите на четирите минати времиња (на табла), односно сличностите и разликите (потврдна, негативна, прашална форма).<br>• Дава упатства за веж. 2 (стр. 22) – проверува одговори.<br>• Дава упатства за двете вежби за Unit 1 (стр. 122/123 – *Get it right!*), но прво ги споредува употребите на дадените глаголски времиња – проверува одговори.<br>• Дава упатства за веж. 3 (стр. 22).<br>• Дава упатства: да ги идентификуваат сите минати глаголски времиња во статијата на стр. 21 (дури и да потенцираат дали се активни или пасивни форми).<br>• Во зависност од времето, може претходната вежба да се изработи во парови (за да тече побрзо). | • Како предлог, може по еден ученик да дојде до табла и да ги запише формите на глаголските времиња (наместо наставникот).<br>• Индивидуално ги изработуваат вежбите од учебникот, ги проверуваат во пар, и потоа групно со наставникот. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Упатства: работа во парови – им поставува прашања на кои учениците треба да дадат креативни одговори, употребувајќи го исклучиво *past perfect continuous*.***<br>• Дава домашна работа: веж. 2 (стр. 133 – *Extra: Grammar points*). | • Ги следат упатствата за вежбата и ги запишуваат речениците во тетратка. |

*** Предлог видео за обработка на часот:** https://www.youtube.com/watch?v=uy0HNWto0UY

**** Предлог реченици и прашања:** *I saw a parrot while I was waiting for the bus. (Which action began first? Which action interrupted that action? Which action continued after the interruption?) / Jim was very sad because his girlfriend had left him. (Which action happened first, then second?) / When I arrived at the city square, Isabelle had been waiting there for 20 minutes. (Who arrived first?)*

***** Предлог прашања:** *Why was Tony's face wet? Why did Bill's feet hurt? Why was Kate carrying two heavy bags? Why did Sue have blue fingers?*

**РАБОТНА ТЕТРАТКА:** Стр. 18.

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 12**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________________

Училиште (место): _____________________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 (Unit 2): A HARD LIFE**
Страници од учебникот: 22, 120, 133

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
**2. Час за утврдување на знаења**
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Елицитација, употреба на речник, грозд-техника.

**Вештини:** Говорење.

***Цели на часот:*** Утврдување на лексичките единици и минатите глаголски времиња од претходните два часа. Фокусот е на говорната продукција.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ги разберат значењата на лексичките единици, поточно наративни/описни глаголи, преку речничко пребарување и нивно дефинирање, како и да ги препознаат минатите глаголски времиња.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците правилно да ги употребуваат лексичките единици и глаголските времиња за минатост и да продуцираат граматички точни реченици, како и правилно да ги изговорат консонантските групи со */s/* на почеток на збор.
**В) Културолошки:** Да можат учениците самостојно да водат усна комуникација при што ќе ја одберат соодветната јазична функција во конкретниот социокултурен контекст: опис.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да дадат опис (нарација) на одредена мината случка и редоследно да ги поврзат настаните (усно).

**Методи:**

1. Демонстративен
2. **Комуникативен**
3. Метод на игра
4. **Кооперативен**
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
7. **Повторување**
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
2. Индивидуална
3. **Групна**
4. **Работа во парови**

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
6. Компјутер
7. **Креда/маркер**
8. **Интерактивна табла**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 12*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Ја проверува домашната работа од претходниот час: веж. 2 (стр. 133 – *Extra: Grammar points*).<br>• Запишува кратка случка на табла (или ја прикажува на интерактивна табла) со упатства учениците да ги сменат сите глаголи во наративни/описни глаголи заради драматичност на раскажувањето, а и да направат други соодветни реченични промени.**<br>• Ги проверува одговорите групно. | • Учениците работат во парови за вежбата со глаголите (случката) и ги пишуваат во тетратка. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Дава упатства за веж. 4 (стр. 22, описни глаголи) и ги поттикнува на работа со пребарување на значењата во интернет речник на своите мобилни телефони (www.dictionary.cambridge.org). Време: 4-5 мин.<br>• Ги проверува одговорите и дава појаснување за тоа како се користи речник, односно што следува после секоја речничка единица.<br>• Дава упатства да ги префрлат глаголите во четирите работени минати глаголски времиња.<br>• Дава упатства за веж. 5 (стр. 22) – ги проверува одговорите и ги анализира глаголските времиња во нив.<br>• Ги поттикнува учениците да дадат што е можно повеќе наративни/описни глаголи, и ги запишува на табла.<br>• Им дава на учениците една реченица, која треба усно да ја прошират во приказна (случка) со употреба на минати глаголски времиња и наративни глаголи и ја проверува нивната работа.*** Време: 5 мин. | • Учениците ги работат вежбите во парови и ги запишуваат значењата.<br>• Групно ги анализираат употребите на минатите глаголски времиња во речениците (веж. 2).<br>• Вежбата со приказната ја работат во парови (усно). |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Ги упатува на стр. 120 (Unit 2) и ги изговара речениците, со фокус на консонантските групи со /s/ на почеток на збор, по што учениците повторуваат. | • Учениците индивидуално ги изговараат зборовите. |

*** Предлог вежби за часот (со претходна подготовка од страна на наставникот):**
https://www.teachingenglish.org.uk/article/telling-a-story
https://www.teachingenglish.org.uk/article/yesterday

**** Предлог случка:** *Sally was walking home when a man stopped her and asked her to give him her money. "No", she said. The man said "Give me your money!" again. "Help!" said Sally. She ran away from the man. He ran behind her. She went into a shop. "A man is behind me!" she said. But the man was not there. Sally went home.*

***** Предлог реченица:** *He had been swimming for about ten minutes when he turned around and saw a person coming towards him.*

**РАБОТНА ТЕТРАТКА:** Стр. 20.

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 13**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ________________________________________________________

Училиште (место): __________________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 (Unit 2): A HARD LIFE**
Страница од учебникот: 23

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, елицитација, дискусија, дебата.

**Вештини:** Слушање, читање, говорење.

***Цели на часот:*** Повторување на контекстуалната употреба на глаголските времиња за минатост и сегашност и нивно систематизирање. Фокусот е повеќе на рецептивните вештини.

**А) Јазични:** Да можат учениците при слушање и читање да ги следат и разберат употребените глаголски времиња за минатост и сегашност.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците да следат подолг текст (усно) и пократки параграфи (пишано) и притоа накусо усно да ги резимираат според клучен збор или мисла, како и да можат аргументирано да дискутираат.
**В) Културолошки:** Да се запознаат учениците со правата и казнување на животните во минатото, споредено со сегашноста, и да развијат чувство за вредности во животот кои треба да ги поседуваат, посебно за местото на животните во човечкото секојдневие, а и да дебатираат на овие теми.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да ја следат и разберат главната мисла, но и конкретните информации (примери) при усна комуникација или во пишан текст.

**Методи:**

1. Демонстративен
2. **Комуникативен**
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. **Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. **Аудио-лингвален**
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
2. **Индивидуална**
3. **Групна**
4. Работа во парови

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. **ЦД**
6. **Компјутер (ИКТ)**
7. **Креда/маркер**
8. **Интерактивна табла**

Часот може да се изведе со примена на **ИКТ** – предлог интернет страници:
https://www.youtube.com/watch?v=eYhYywI1kuI (Judge Wapner's Animal Court)
https://www.youtube.com/watch?v=HvVJ1E6P7ZE (Facility dogs in court)

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

## ТЕК НА ЧАСОТ: 13

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Запишува 2 tongue twisters на табла со консонантот /s/ употребен повеќе пати (поврзување со претходниот час).<br>• Ги поттикнува учениците на дискусија во групи со по 3-4: да наведат неколку работи за нивните омилени животни<br>• Дава упатства за веж.6(стр.23)-да кажат нешто за птицата на сликата | • Индивидуално, на глас, се обидуваат да ги прочитаат двете tongue twisters.<br>• Дискутираат во групи за прашањето, потоа неколку ученици ги делат своите примери со класот. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Дава упатства за веж. 7 (стр. 23, слушање).<br>• Им објаснува што ќе слушаат (прво слушање, само за да ја разберат суштината), па ги упатува кон веж. 8.**<br>• Им појаснува дека второто слушање е за конкретни информации.<br>• Го пушта аудио материјалот по втор пат за да учениците ја направат веж. 8, потоа проверува одговори.<br>• Пишува 3 реченици на табла од аудио материјалот за анализа на минатите глаголски времиња.<br>• Ги поттикнува на дискусија за правата и заштитата на животните денес.<br>• Дава упатства за веж. 9 (стр. 23, права на животни). Време: 3 мин.<br>• Ги дели учениците на 6 групи, и секоја група дебатира со аргументи (за или против) за по 1 од дадените 6 изјави (веж. 1). Време: 4-5 мин.<br>• Ја набљудува нивната работа, и поправа грешки единствено таму каде грешката пречи за ефикасна комуникација (се фокусира на флуентност). | • Учениците ги следат упатствата и пред второто слушање прво ги читаат прашањата и понудените одговори од веж. 8.<br>• Работат во истите групи со по 3-4 за вежбите на стр. 23 (права на животните). |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Одбира 2 изјави за групно дебатирање. | • Учениците дебатираат со давање аргументи за двете страни на изјавата. |

*** Предлог прашања:** *Do you think the animal (pet) should be taken to court for the 'crimes' you listed? Are there any crimes that animals should be put on trial for?*

**** Предлог дополнителни прашања:** *How did the class react to the story? Which animal does the man talk about?*

## THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)
## Краткорочно планирање
### Оперативен план за час: 14

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________

Училиште (место): _______________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 (Unit 2): A HARD LIFE**
Страница од учебникот: 24

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, дискусија, елицитација.

**Вештини:** Читање, говорење.

***Цели на часот:*** Обработка и лингвистичка анализа на подолг текст. Фокусот е на точноста и прецизноста на јазичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да го разберат значењето на лексичките единици поврзани со семеен живот, како и структурата на прашалните реченици со минати глаголски времиња (да/не прашања или со прашален збор).
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците правилно да ги употребат лексичките единици во контекст, како и да поставуваат прашални реченици со минати глаголски времиња (говорна продукција).
**В) Културолошки:** Да се запознаат учениците со семејниот живот во минатото (17 век) во В. Британија и преку споредба со сегашноста, да можат да ја користат соодветната јазична функција: донесување заклучоци.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците правилно да поставуваат прашални реченици, и да ја следат, препознаат и разберат главната мисла, но и да идентификуваат конкретни информации во подолг текст.

**Методи:**

| | |
|---|---|
| 1. Демонстративен | 9. Аудио-визуелен |
| **2. Комуникативен** | 10. Аудио-лингвален |
| 3. Метод на игра | 11. Истражувачки-откривачки |

**4. Кооперативен**
**5. Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
12. Метод на набљудување
**13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)**
**14. Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
**2. Индивидуална**
**3. Групна**
**4. Работа во парови**

**Средства и помагала:**

**1. Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
6. Компјутер
**7. Креда/маркер**
**8. Интерактивна табла**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

## ТЕК НА ЧАСОТ: 14

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • На интерактивна табла им прикажува на учениците неколку слики (преку *Google search*) поврзани со различни аспекти од семејниот живот во В. Британија во 17 век и ги поттикнува на детален опис на сликите во парови, потоа групна дискусија.<br>• На табла ги запишува лексичките единици кои учениците ги произведуваат.<br>• Поставува прашања со минати глаголски времиња (поврзани со сликите). | • Учениците работат во парови и ги опишуваат сликите, притоа давајќи претпоставки за (квалитетот на) животот во 17 век. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • На табла ги запишува трите поднаслова од статијата на стр. 24 (во колони) и ги поттикнува на кратка дискусија за денешниот семеен живот по тие точки – запишува одредени лексички единици (елицитација).<br>• Ги упатува кон статијата – прво читање за да ја разберат суштината.<br>• Започнува дискусија за сличностите и разликите според тоа што го прочитале (денес vs. 17 век).<br>• Дава упатства за веж. 3 (второ читање) – проверува одговори.<br>• За да го провери вокабуларот, запишува кратки дефиниции/синоними на табла за зборови/изрази од статијата кои тие треба да ги најдат и подвлечат. *<br>• Дава упатства за вежба за поставување прашални реченици: во групи со по 3-4, секоја група обработува еден дел (поднаслов), запишува колку што може повеќе прашања со да/не одговор или со прашален збор.<br>• Ја набљудува работата на секоја група и ако забележува реченични грешки, ги поправа. | • Учениците индивидуално ја читаат статијата, но работат во парови за веж. 3: не само што мора да дадат одговор туку и треба да го најдат во статијата.<br>• Работат во парови за вежбата со дефинициите од статијата.<br>• Ги следат упатствата за вежбата со поставување прашања – работат во групи со по 3-4.<br>• Доколку некоја група го заврши својот дел, тогаш може да помине на друг дел од статијата. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Започнува дискусија: веж. 4.<br>• Индиректно се повторуваат и идните глаголски времиња. | • Учениците даваат индивидуални одговори. |

*** Предлог дефиниции (и одговори):** *1. buying and selling (trade); 2. normal or nothing special (ordinary); 3. 33.333% (one in three); 4. people who look after sheep (shepherds); 5. often (frequently); 6. soft things that you can sleep on (mattresses); 7. unusual or not common (rare); 8. to look after (to care for); 9. to dream (to fantasise); 10. easy (simple); 11. something harmful and unwanted that appears in large numbers (infestation).*

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 15**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ________________________________________________________

Училиште (место): __________________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 (Unit 2): A HARD LIFE**
Страница од учебникот: 25

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Ментална мапа, хоризонтална временска скала, елицитација.

**Вештини:** Говорење.

***Цели на часот:*** Обработка на граматички структури: 2 начина на искажување минатост *(would, used to)* и прилози/прилошки изрази за време. Фокусот е на точноста на реченичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ги разберат, разликуваат и правилно да ги формираат овие 2 дополнителни начина на искажување минатост, како и да продуцираат граматички точни реченици (усно и писмено).
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците при раскажување за минатото да ги употребат правилните глаголски времиња за минатост (четирите веќе обработени) и двете нови форми, како и прилозите/прилошките изрази за време.
**В) Културолошки:** Да развијат учениците свест за разликите во искажувањето минатост (англиски наспроти мајчин јазик), кое подразбира и одредени разлики и во начинот на размислувањето кон категоријата време.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците правилно да ги формираат, разликуваат, разберат и применат минатите глаголски времиња при самостојна комуникација на дадена тема.

**Методи:**

1. Демонстративен
2. Комуникативен
3. Метод на игра
4. **Кооперативен**
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
11. **Истражувачки-откривачки**
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. **Фронтална**
2. **Индивидуална**
3. Групна
4. **Работа во парови**

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
6. **Компјутер (ИКТ)**
7. **Креда/маркер**
8. Интерактивна табла

Часот може да се изведе со примена на **ИКТ** – предлог интернет страници:
https://learnenglish.britishcouncil.org/en/quick-grammar/past-habit-used-towouldpast-simple
http://www.grammarbank.com/used-to-vs-would-worksheet.html
http://www.learning-english-online.net/grammar/parts-of-speech-and-sentence-structure/adverbs/adverbs-of-time/

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 15

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Ги воведува во часот со тоа што им кажува што ќе работат на часот, а притоа на еден дел од таблата ги пишува новите 2 форми за минатост, а на другиот дел ги пишува четирите минати глаголски времиња (веќе работени).<br>• Дава упатства за веж. 5 (стр. 25) – речениците и *Rule*.<br>• Ги прашува за друга употреба на *would* (како модален глагол), и ја нагласува минатоста во овој случај. | • Учениците индивидуално ги пополнуваат речениците и *Rule*. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Ги упатува на текстот на стр. 24 – да ги подвлечат сите примери на *would* и *used to* (во сите форми).<br>• Започнува дискусија за нивната употреба, поврзана со правилата – и ги доутврдува употребите.<br>• Ги анализира *would* и *used to* во потврдни, негативни и прашални реченици, и ги пишува формите на табла – со посебен фокус на негативните и прашалните реченици со *used to*.<br>• Пишува погрешни реченици на табла и бара учениците да ја најдат и објаснат грешката во секоја реченица.*<br>• Дава упатства за веж. 6 и 7 – проверува одговори.<br>• Ги поттикнува на размислување за реч. 3 (веж. 7) – дали постои разлика во значењето помеѓу *Did you use to watch a lot of TV...?* и *Did you watch a lot of TV...?* и *Would you watch a lot of TV...?*<br>• Дава упатства за вежбата со вокабуларот (стр. 25) – проверува одговори.<br>• Прави споредба со четирите минати времиња во текот на целиот час и го користи другиот дел од таблата. | • Ги следат упатствата за вежбите.<br>• Ги запишуваат формите на *would* и *used to*, како и погрешните реченици (работат во парови за да ги поправат).<br>• Работат во парови за наредните вежби и запишуваат во тетратка. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Дава упатства за вежбата со функциите (стр. 25).<br>• Ја набљудува работата на секој пар, и поправа грешки со цел правилно усно да се изразат.<br>• Дава домашна работа: да го прочитаат текстот на стр. 129, и да ги направат вежбите.<br>• На 3 ученици им дава задача за наредниот час усно да го презентираат тој текст, а им дава слобода за средствата за презентирање. Време за презентирање: 5 мин. | • Работат во парови, и секој мора самостојно да продуцира најмалку 5 реченици, потоа дискутираат меѓусебно со поставување прашања. |

*** Предлог реченици:** *Would you like Mickey Mouse when you were little? Did you used to do household chores yesterday? My grandparents did not use to going out before they got married.*

**РАБОТНА ТЕТРАТКА:** Стр. 19, 20.

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 16**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ________________________________________________________

Училиште (место): __________________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 (Unit 2): A HARD LIFE**
Страници од учебникот: 26 – 27, 129

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, елицитација, дискусија, игри за вокабулар.

**Вештини:** Читање, слушање, говорење.

***Цели на часот:*** Обработка и лингвистичка анализа на подолг текст. Фокусот е на флуентноста на јазичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да го разберат, односно во даден контекст да го препознаат, и притоа да го дефинираат, значењето на непознатите лексички единици поврзани со животна средина, видови живеалишта (луѓе, животни, растенија) и климатски промени.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците самостојно да комуницираат употребувајќи ги работените лексички единици.
**В) Културолошки:** Да се запознаат учениците со различните живеалишта во светот и условите за живот во нив, како и да станат свесни за последиците од климатските промени.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да ја следат, препознаат и разберат главната мисла, но и да идентификуваат конкретни информации во подолг текст, преку откривање на непознатиот вокабулар.

**Методи:**

1. Демонстративен
2. Комуникативен
3. Метод на игра
4. **Кооперативен**
5. **Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. **Монолошки (усно излагање)**
9. Аудио-визуелен
10. **Аудио-лингвален**
11. **Истражувачки-откривачки**
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
2. **Индивидуална**
3. **Групна**
4. Работа во парови

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. **Списанија/весници (автентични материјали)**
3. Флеш карти
4. ДВД
5. **ЦД**
6. Компјутер
7. **Креда/маркер**
8. **Интерактивна табла**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 16

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Кратко им кажува на учениците со што ќе го почнат часот (креативни климатски решенија), па ги потсетува на домашната работа: текстот и вежбите на стр. 129.<br>• Откако ќе испрезентираат трите ученика, ги проверува групно одговорите од веж. 1, па следи дискусија (веж. 2).<br>• Не им дава време за индивидуално читање на текстот поради тоа што учениците веќе слушаа презентации. | • Трите ученика на кои им беше дадена задача усно да го презентираат текстот на стр. 129 доаѓаат пред класот и презентираат, а другите ученици внимателно слушаат. Време: 5 мин.<br>• Ги следат наредните упатства. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Започнува групна дискусија за временските услови.*<br>• Ги поттикнува на дискусија за сликите на стр. 26 (веж. 1), а и им прикажува уште слики на интерактивна табла или дава по една слика (од весник/списание) на секоја група (со по 3-4) за дополнителна дискусија за зимски временски услови и тешкотиите со кои би се справувале секојдневно.<br>• Дава упатства за веж. 2 и 3 – проверува одговори.<br>• Наставникот се решава за избор на активности за покривање на непознатиот вокабулар од текстот (+ веж. 5, стр. 27).** | • Работат во групи со по 3-4 за дискусијата со сликите, а индивидуално го следат текстот додека го слушаат (за разбирање на главната мисла).<br>• Ги следат упатствата за наредните вежби. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Ги поттикнува на групна дискусија – веж. 4.<br>• Дава домашна работа: како подготовка за писмената проверка на првата и втората тематска единица (за два часа), да ги решат вежбите на стр. 28 и 29, кои ќе се проверат наредниот час. | • Учениците дискутираат за прашањата. |

*** Предлог прашања:** *Does it snow every year in Macedonia? Does it snow lightly or heavily? How does your life change when it snows? What aspects of life become more difficult (examples)? Would you like it if it snowed more often? Would you like to live in a country where it snows constantly?*

**** Предлог вежби:** https://www.teachingenglish.org.uk/article/vocabulary-activities

**РАБОТНА ТЕТРАТКА:** Стр. 17, 25.

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 17**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ___________________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 (Unit 2): A HARD LIFE**
Страници од учебникот: 27 – 29

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
**5. Комбиниран час**

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, елицитација.

**Вештини:** Пишување.

***Цели на часот:*** Подготовка за пишување на статија за училишно списание со примена на соодветни јазични елементи, реченична структура и интерпункциски знаци.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ја одберат точната лексика, да бидат прецизни во изборот на глаголски времиња/реченични структури и правопис, и да бидат запознаени со интерпункциските знаци.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците да вршат опис на историски настан (случување) од големо значење за светот преку правилна употреба на лексика, и да продуцираат структурирана пишана мисла преку граматички точни реченици и правилно поставени интерпункциски знаци.
**В) Културолошки:** Да развијат учениците разбирање за значењето на историјата врз денешницата.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да објаснат, опишат, резимираат и дадат конкретни примери во вид на организиран и кохерентен пишан текст (неутрален регистар).

**Методи:**

| | |
|---|---|
| **1. Демонстративен** | 9. Аудио-визуелен |
| 2. Комуникативен | 10. Аудио-лингвален |
| 3. Метод на игра | 11. Истражувачки-откривачки |
| 4. Кооперативен | 12. Метод на набљудување |
| **5. Текстуален** | 13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации) |
| **6. Метод на практична работа** | 14. Интерактивен |
| 7. Повторување | |
| 8. Монолошки (усно излагање) | |

**Форми:**

| | |
|---|---|
| **1. Фронтална** | 3. Групна |
| **2. Индивидуална** | **4. Работа во парови** |

**Средства и помагала:**

| | |
|---|---|
| **1. Учебник** | 5. ЦД |
| 2. Списанија/весници (автентични материјали) | 6. Компјутер |
| 3. Флеш карти | **7. Креда/маркер** |
| 4. ДВД | 8. Интерактивна табла |

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 17

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Започнува дискусија за кој е Џон Џејмс Аудубон и се обидува да извлече колку што може повеќе информации од нив за тој човек и неговата пасија со птиците (преку прашања). | • Учениците дискутираат за нивното знаење за Берлин. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 20-25 МИН.** | • Не ги објаснува директно чекорите во пишување статија од овој тип, туку преку учениците првично сами да ја прочитаат статијата на стр. 27, па преку веж. 1, 2 и 3 (работа во парови), тие доаѓаат до свои сознанија за структурата на текст од овој тип и јазичните карактеристики на неутралниот регистар – наставникот само им дава насока каде да ги бараат одговорите.<br>• Им укажува на блиската врска помеѓу вокабуларот и правилната граматика, особено тоа што е работено на претходните часови.<br>• Им дава упатства за веж. 4 – работа во парови. | • Учениците работат во парови за сите вежби, а и дискутираат за историски настан од големо значење за светот по нивни избор (можат да се послужат со интернет на своите мобилни телефони, како извор на информации). |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 15 МИН.** | • Им дава домашна работа (иако работеле во парови, секој предава индивидуална домашна работа): веж. 5 (да напишат статија, 120-160 збора), задолжително да ја предадат за два часа (на часот после писмената работа).<br>• Ги потсетува да внимаваат на поставените интерпункциски знаци.<br>• Ги потсетува учениците дека нивното јазично знаење ќе биде проверено наредниот час преку писмен тест, и прави заокружување на материјалот од првата и втората тематска целина преку проверка на домашната работа од претходниот час (стр. 28, 29). | • Ги запишуваат сите точки од материјалот за повторување дома. |

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 18**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ______________________________________________________

Училиште (место): _________________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 1 (Unit 2): A HARD LIFE**

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
**4. Час за проверување и оценување на знаењата**
5. Комбиниран час

***Цели на часот:*** Писмена проверка на знаењата од првата и втората тематска целина *(Unit 1 + 2)*, односно првата наставна целина.

**Методи:**
**1. Демонстративен**
2. Комуникативен
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. Интерактивен

**Форми:**
**1. Фронтална**
**2. Индивидуална**
3. Групна
4. Работа во парови

## ТЕК НА ЧАСОТ: 18

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| ВРЕМЕТРАЕЊЕ 40-45 МИН. | • Дава упатства, детаљи и насоки за начинот на кој треба да се сработи секој дел од писмената проверка, какви се очекувањата и кои се критериумите за оценување.<br>• Ја следи работата на учениците и дава дополнителни насоки и упатства доколку е неопходно.<br>• На редовни интервали ги потсетува учениците за тоа колку време имаат до крајот на часот.<br>• Ги собира писмените задачи. | • Ги следат упатствата на наставникот и поставуваат прашања, доколку имаат.<br>• Внимателно ги следат упатствата и индивидуално даваат одговори на задачите, а доколку е потребно се консултираат со наставникот.<br>• Пред крајот на часот, го проверуваат сработеното и го предаваат кај наставникот. |

**ЗАБЕЛЕШКИ:**